1830 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91000 Skopje
fah 51



# СЛ... СТ

## НА СОЦИЈА...СТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 20 октомври 1978
БЕЛГРАД
БРОЈ 57 ГОД. XXXIV

Цена на овој број е 12 динари. — Претплатата за 1978 година изнесува 550 динари — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756



**873.**

Врз основа на член 31 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со точка 1 од Одлуката за утврдување на основните земјоделски производи кои се сметаат како земјоделски производи од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/72), и со член 27 од Договорот за основите на Општествениот план на Југославија за развој на агроиндустрискиот комплекс во периодот од 1976 до 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/77), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ (ЗАШТИТНИ) ЦЕНИ НА СОНЧОГЛЕД И СОЈА ОД РОДОТ НА 1978 ГОДИНА

1. На организациите на здружен труд што произведуваат сончоглед и соја сами или во кооперација со индивидуални земјоделски производители (во натамошниот текст: производители) за сончоглед и соја од родот на 1978 година им се обезбедуваат гарантирани (заштитни) цени, и тоа за:

| | Дин./kg |
|---|---|
| 1) за сончоглед | 5,90 |
| 2) за соја | 5,54 |

Цените од став 1 на оваа точка ќе се применуваат врз количествата на сончоглед и соја од родот на 1978 година што производителите ќе им ги понудат на организациите за резерви, во согласност со одредбите од оваа одлука.

2. Цените од точка 1 важат за:

1) сончоглед што содржи 40% масло, 11% влага и 3% нечистота;

2) соја што содржи 13% влага и 2% нечистота.

За сончоглед за секој процент на содржина на масло над или под 40% цената од точка 1 на оваа одлука се зголемува или се намалува за 0,147 динари за еден килограм.

За секој процент на влага над или под 11% и за секој цел процент нечистота над или под 3%, цената се зголемува или се намалува за 1% во однос на цената од точка 1 на оваа одлука за еден килограм сончоглед и соја.

3. Цените од точка 1 на оваа одлука се подразбираат за еден килограм сончоглед и соја франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство во местото на продавачот, по избор на купувачот.

4. Согласно со член 33 од Договорот за основите на Општествениот план на Југославија за развој на агроиндустрискиот комплекс во периодот од 1976 до 1980 година, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини купуваат сончоглед и соја од родот на 1978 година по цените од точка 1 на оваа одлука до количествата што ќе ги договорат производителите и организациите на здружен труд што се занимаваат со промет и преработка на сончоглед и соја, а до количествата утврдени со билансите на републиките и билансите на автономните покраини.

Количествата на сончоглед и соја над количествата откупени според став 1 од оваа точка ќе ги купи Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи (во натамошниот текст: Дирекцијата) по цените од точка 1 на оваа одлука.

Врз основа на билансот, со договор помеѓу Дирекцијата, организациите за резерви на републиките и автономните покраини се утврдува начинот на реализација на обврските од став 1 на оваа точка.

Договорите на организациите на резерви склучени според став 1 од оваа точка се регистрираат кај надлежната организација за резерви на републиката, односно автономната покраина на чија територија е седиштето на производителот. Рокот за регистрација на договорот од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

5. Дирекцијата, организацијата за резерви на републиките и организацијата за резерви на автономните покраини ќе купуваат од производителите сончоглед и соја по цените од точка 1 и под условите од оваа одлука, со тоа што производителот на барање од Дирекцијата, односно од организацијата за резерви на републиките, односно на автономните покраини да подготви сончоглед и соја во договор со преработувачот од точка 4 на оваа одлука или кога ќе определи Дирекцијата, односно организацијата за резерви на републиките односно автономната покраина, во формата во која ќе се преземе.

Дирекцијата, односно организациите за резерви на републиките, односно на автономните покраини ќе му плаќаат на преработувачот просечна цена за преработка врз основа на пропишаната цена за масло.

Доколку ќе настане спор за височината на цената за преработка, преработувачот е должен сончогледот и сојата да ги преземе и да ги преработи.

Дирекцијата, организациите за резерви на републиките, организациите на резерви на автономните покраини и производителите односно преработувачите со договор ги утврдуваат роковите за испорака и другите услови за испорака и преработка на сончоглед и соја.

6. Сончогледот и сојата, односно суровото масло откупено под цените и под условите од оваа одлука Дирекцијата, организациите за резерви на републиките и организациите за резерви на автономните покраини можат интервентно да ги продаваат по пропишаните цени, зголемени за трошоците за откуп, транспорт, чување во тековната економска година и продажба.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 797
13 октомври 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

874.

Врз основа на член 31 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со точка 1 од Одлуката за утврдување на основните земјоделски производи кои се сметаат како земјоделски производи од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/72), член 27 од Договорот за основите на Општествениот план на Југославија за развој на агроиндустрискиот комплекс во периодот од 1976 до 1980 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/77), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ НА СОНЧОГЛЕД И СОЈА ОД РОДОТ НА 1978 ГОДИНА

1. Организациите на здружен труд (во натамошниот текст: купувачи) ќе купуваат сончоглед и соја од родот на 1978 година од организациите на здружен труд што произведуваат сончоглед и соја сами или во кооперација со индивидуални земјоделски производители, како и од индивидуални производители (во натамошниот текст: производители) по продажните цени на производителот, и тоа:

| | Дин./kg |
|---|---|
| 1) за сончоглед | 5,90 |
| 2) за соја | 5,54 |

2. Цените од точка 1 се подразбираат за еден килограм сончоглед и соја франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство во местото на продавачот, по избор на купувачот.

3. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за:

1) сончоглед што содржи 40% масло, 11% влага и 3% нечистота;

2) соја што содржи 13% влага и 2% нечистота.

За сончоглед за секој процент содржина на масло над или под 40% производителската продажна цена се зголемува или се намалува за 0,147 динари за еден килограм.

За секој процент на влага над или под 11% и за секој цел процент на нечистотата над или под 3%, цената се зголемува, односно се намалува за 1% во однос на цената од точка 1 на оваа одлука за еден килограм сончоглед и соја.

4. Организациите на здружен труд што вршат откуп на сончоглед и соја можат цените во прометот да ги формираат според прописите од надлежните општествено-политички заедници.

5. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 798
13 октомври 1978 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

875.

Врз основа на член 331 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА БРОЈОТ И СОСТАВОТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ЕКИПАЖ НА ВОЗДУХОПЛОВ

Член 1

Со овој правилник се определуваат бројот и составот на членовите на екипаж на воздухоплов што се оспособени за вршење определени стручни работи на воздухоплов за време на воздушната пловидба.

Член 2

Одредбите од овој правилник не се применуват врз југословенските воени вазадухоплови освен ако се користат за стопански цели или за други цели кои не се сметаат за воени.

Член 3

Во воздухопловот со кој се врши јавен превоз во воздушниот сообраќај мора да се наоѓа еден прв пилот (водач на воздухопловот) и еден втор пилот.

Покрај првиот и вториот пилот, во воздухопловот од став 1 на овој член мораат да се наоѓаат и следните членови на летачкиот персонал:

1) еден авио-механичар — техничар летач, ако е тоа предвидено со техничките упатства од производителот на воздухопловот;

2) еден навигатор-летач, ако летањето на воздухопловот трае подолго од 3 часа непрекинато над подрачје на кои не постојат радионавигациони средства, а во воздухопловот не се на дофат на пилотот вградени двојни автоматски уреди за долголиниска навигација.

Член 4

Во воздухопловот со кои се врши јавен превоз на патници во воздушниот сообраќај бројот на домаќините на воздухопловот зависи од бројот на вградените патнички седишта во воздухопловот.

Во воздухоплов во кој се вградени од 8 до 25 патнички седишта мора да се наоѓа еден домаќин на воздухопловот, а во воздухоплов во кој се вградени од 26 до 50 патнички седишта — два домаќина на воздухоплов.

На секои наредни 50 вградени патнички седишта во воздухопловот мора да се наоѓа уште по еден домаќин на воздухопловот.

Член 5

Екипажот на воздухоплов со кој се врши јавен превоз во воздушниот сообраќај, ако лета на долги линии, може да биде проширен и удвоен.

Проширен екипаж на воздухоплов е оној екипаж во кој покрај летачкиот персонал од член 3 на овој правилник се вклучува уште по еден прв пилот и авио-механичар-техничар летач, а бројот на домаќините на воздухопловот од член 4 на овој правилник, се зголемува и тоа: во воздухоплов од 26 до 100 седишта — за еден, а во воздухоплов во кој се вградени повеќе од 100 патнички седишта — на секој нареден 100 патнички седишта бројот на домаќините на воздухопловот се зголемува уште за еден.

Удвоен екипаж на воздухоплов е оној екипаж во кој покрај летачкиот персонал од член 3 на овој

правилник се вклучува уште еден прв пилот, еден втор пилот и еден авио-механичар-техничар летач, а бројот на домаќините на воздухопловот од член 4 на овој правилник се удвојува.

Со прописот со кој се уредува траењето на работното време, времето на летањето, бројот на полетувањата и слетувањата во текот на работното време и должината на дневниот одмор на членовите на екипаж на воздухопловот се определува кога екипажот на воздухопловот мора да биде проширен, а кога удвоен.

Член 6

Во воздухоплов кој се користи за превоз на лица за сопствени потреби и има повеќе од шест вградени седишта мора да се наоѓа еден прв пилот и еден втор пилот.

Член 7

Во воздухоплов со кој се даваат посебни услуги, а чија најголема дозволена тежина во полетување преминува 5.700 килограми и кој има вградени двојни команди, мора да се наоѓа еден прв пилот и еден втор пилот.

Во воздухопловот од став 1 на овој член, чија најголема дозволена тежина во полетување не преминува 5.700 килограми, може да се наоѓа само еден пилот (водач на воздухопловот).

Член 8

Со парична казна од 1000 до 10.000 динари ќе се казни за воздухопловен прекршок организација на здружен труд која е носител на правото на располагање со воздухопловот или друго правно лице:

1) ако во воздухопловот се наоѓа помал број членови на проширен или удвоен екипаж од бројот определен во член 5 на овој правилник;

2) ако во воздухопловот кој се користи за превоз на лица за сопствени потреби и има повеќе од шест вградени седишта не се наоѓа еден прв пилот и еден втор пилот (член 6);

3) ако во воздухопловот со кој се вршат посебни услуги, а чија најголема дозволена тежина во полетување преминува 5.700 килограми и кој има вградени двојни команди, не се наоѓа еден прв пилот и еден втор пилот (член 7 став 1).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и водачот на воздухопловот или друго одговорно лице со парична казна од 500 до 5.000 динари.

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и поединец кој самостојно врши дејност со личен труд со средства во сопственост на граѓани со парична казна од 1.000 до 10.000 динари, или друг поединец со парична казна од 500 до 5.000 динари.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за бројот и составот на членовите на посадата на воздухоплов („Службен лист на СФРЈ", бр. 27/74).

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

VI/1 Бр. 1355
20 септември 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет
за сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

**876.**

Врз основа на член 333 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), во спогодба со претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

## ПРАВИЛНИК

## ЗА СЛУЖБАТА ЗА БРЗА ПОМОШ НА АЕРОДРОМ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат техничките услови за вршење работи на службата за брза помош при укажување брза помош на повредени и заболени патници, на екипаж на воздухоплов и на други лица на аеродром и условите што мораат да ги исполнуваат стручните работници што ја вршат таа служба.

Член 2

Составот и бројот на здравствените работници на воздухопловно пристаниште се определуваат зависно од обемот на сообраќајот на него:

1) на воздухопловно пристаниште со годишен промет над 600.000 патници — ќе се обезбеди присуство на еден лекар и еден медицински техничар во времето кога воздухопловното пристаниште е отворено за јавен превоз во воздушниот сообраќај;

2) на воздухопловно пристаниште со годишен промет до 600.000 патници — ќе се обезбеди присуство на еден лекар и еден медицински техничар, кои по распоред од лекарот, наизменично ќе се сменуваат зависно од видот и обемот на воздушниот сообраќај, со тоа што лекарот мора да биде присутен во времето на полетувањето и слетувањето на воздухопловот.

Член 3

Организацијата на здружен труд за аеродромски услуги е должна за службата за брза помош на воздухопловно пристаниште да обезбеди и посебни простории за амбулантата за брза помош.

Амбулантата за брза помош на воздухопловно пристаниште со годишен промет од над 100.000 патници мора да има погодна просторија за преглед и чекална.

Амбулантата за брза помош на воздухопловно пристаниште со годишен промет помал од 100.000 патници мора да има погодна просторија за преглед.

Член 4

Организацијата на здружен труд за аеродромски услуги ќе ѝ обезбеди на службата за брза помош постојана телефонска врска со службата за контрола на летањето.

Член 5

Амбулантата за брза помош на воздухопловното пристаниште од член 3 став 2 на овој правилник мора да има: маса за пишување, стол на винт. стол маса за преглед, скала, параван, закачалка, масиче за инструменти, носила, тензиометар, слушалки, столна тркала, стерилизатор (кутија), две поголеми касети, четири помали касети, шприцеви (5 од два cc, 5 од 5 cc, 2 од 10 cc и 2 од 20 cc), систем за инфузии, шише стерилно за физиолошки раствор, шише стерилно со раствор на гликоза, ножици пр-

ави (пократки и подолги), ножици криви и подолги, пинцета хируршка (пократка и подолга), пинцета анатомска (пократка и подолга), пеан, бубрежник, крамерови шини, апарат за кислород, материјал за преврзување, потрошни материјали (алкохол, бензин, вата, газа, фластер, гумени нараквици и бел мантил), бело орманче за лекови, статив за инфузии, инка, иглодржач, еден болеснички кревет, шприц за исплакнување церумен, скалпели, ORL огледало-челно и снеленови таблици.

Амбулантата за брза помош на воздухопловно пристаниште од член 3 став 3 на овој правилник мора да има: маса, стол, стол на винт, маса за прегледи, скала, параван, закачалка, масиче за инструменти, носила, тензиометар, слушалки, стол на тркала, стерилизатор (кутија), две поголеми касети, четири помали касети, шприцеви (5 од 2 cc, и 5 од 5 cc), ножици прави (пократки и подолги), пинцета хируршка (пократка и подолга), бубрежник, крамерови шини, материјал за преврзување, потрошни материјали (алкохол, бензин, вата, газа, фластер, гумени нараквици и бел мантил) и инка.

Член 6

Амбулантата за прва помош од член 5 став 1 на овој правилник мора, покрај опремата од таа одредба, да располага со две санитетски возила и 25 носила, со по два чаршафа и по едно ќебе.

Амбулантата за брза помош од член 5 став 2 на овој правилник мора, покрај опремата од таа одредба, да располага со едно санитетско возило и 15 носила, со по два чаршафа и по едно ќебе

Член 7

На спортски аеродром, на школски аеродром и на аеродром за сопствени потреби ќе се обезбеди присуство на медицински техничар за сето време додека на аеродромот се врши летање.

Член 8

На аеродром за време на одржување на регионални и меѓународни воздухопловно-спортски натпревари и манифестации ќе се обезбеди присуство на еден лекар и еден медицински техничар.

Член 9

Носителот на правото на располагање со аеродром е должен за службата за брза помош на спортски аеродром, школски аеродром и аеродром за сопствени потреби да обезбеди погодна просторија за амбулантата за брза помош.

Амбулантата за брза помош од став 1 на овој член, мора да има: стол, маса за прегледи, параван, закачалка, носила, шприцеви (5 од 2 cc и 5 од 5 cc), ножици прави (пократки и подолги) крамерови шини, материјал за преврзување и потрошни материјали (алкохол, бензин, вата, газа, фластер, гумени нараквици и бел мантил).

Член 10

Амбулантата за брза помош на спортски аеродром, школски аеродром и аеродром за сопствени потреби, мора да има санитетско возило или возило погодно за превоз на повредени со две носила, со по два чаршафа и по едно ќебе.

Член 11

На аеродром во време на траењето на дежурството ќе се обезбеди присуство на еден медицински техничар.

Дежурниот аеродром од став 1 на овој член мора да располага и со едно санитетско возило.

Член 12

Аеродромот кој вон од времето на отвореноста врши работи на прифаќање и отправање на воздухоплови за превоз на пошта мора да обезбеди персонал на службата за брза помош и средства како дежурниот аеродром од член 11 на овој правилник.

Член 13

Службата за брза помош мора на барање од патник, член на екипаж на воздухоплов или друго лице што ќе се најде на аеродромот, на тие лица да им укаже брза помош само во случај на акутно заболување или повреда.

Службата за брза помош врши интервенции само заради давање брза помош и оспособување на заболеното односно повреденото лице, за патување или превоз до здраствена организација на здружен труд.

Член 14

Службата за брза помош е должна по укажувањето на брза помош, заболеното или повреденото лице, по потреба, да го превезе до соодветната здравствена организација на здружен труд. Во упатот за здравствената организација на здружен труд службата за брза помош е должна да го назначи видот на дадената помош.

Член 15

Ако брза помош побара патникот по транзит чија здравствена состојба е таква што таа со натамошното летање да може да се влоши, службата за брза помош е должна за тоа да го предупреди заболениот патник. Ако патникот сака сепак да го продолжи летањето на свој ризик, службата за брза помош ќе го констатира тоа во амбулантниот дневник, и за тоа писмено ќе го извести водачот на воздухопловот.

Член 16

Санитетската опрема од чл. 5 и 9 став 2 на овој правилник може да се користи исклучиво за давање брза помош и мора да биде сместена на определено место во амбулантата за брза помош и на начинот кој обезбедува нејзина функционална употреба.

Член 17

Со парична казна од 800 до 5.000 динари ќе се казни организација на здружен труд за аеродромски услуги на воздухопловно пристаниште или носител на правото на располагање со спортски аеродром, школски аеродром или аеродром за сопствени потреби:

1) ако на аеродромот во време на траењето на дежурството не се обезбеди присуство на еден медицински техничар (член 11 став 1);

2) ако дежурниот аеродром не располага со едно санитетско возило (член 11 став 2);

3) ако аеродромот кој вон од времето на отвореноста врши работи на прифаќање и отправање на воздухоплови за превоз на пошта не обезбеди персонал за службата за брза помош и средства како дежурниот аеродром од член 11 на овој правилник (член 12);

4) ако службата за брза помош не му укаже брза помош на заболено или повредено лице во случаи определени со овој правилник (член 13);

5) ако службата за брза помош по укажувањето на брза помош заболеното или повреденото лице, по потреба, не го превезе до соодветната здравствена организација на здружен труд и врз упатот за таа организација не го означи видот на укажаната помош (член 14);

6) ако не предупреди патник во транзит дека неговата здравствена состојба е таква што таа со натамошното летање да може да се влоши, и не го констатира тоа во амбулантниот дневник и за тоа писмено не го извести водачот на воздухопловот, ако патникот сака да го продолжи летањето на свој ризик (член 15);

7) ако санитетската опрема од чл. 5 и 9 став 2 на овој правилник не се користи исклучиво за укажување брза помош (член 16).

За прекршок од став 1 на овој член ќе се казни и одговорното лице во организацијата на здружен труд за аеродромски услуги на воздухопловно пристаниште или одговорното лице на носителот на правото на располагање со спортски аеродром, школски аеродром или аеродром за сопствени потреби со парична казна од 500 до 3.000 динари.

Член 18

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за службата за брза помош на аеродроми („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/74).

Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

VI/1 бр. 1005
21 септември 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

877.

Врз основа на член 331, во врска со член 295 став 2 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА КРОЈОТ, БОЈАТА, ОЗНАКИТЕ, ВИДОТ НА МАТЕРИЈАЛОТ И КОРИСТЕЊЕТО НА СЛУЖБЕНАТА ОБЛЕКА НА РАБОТНИЦИТЕ НА СОЈУЗНИОТ ВОЗДУХОПЛОВЕН ИНСПЕКТОРАТ

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат кројот, бојата, ознаките, видот на материјалот и начинот на користењето на службената облека на работниците на Сојузниот воздухопловен инспекторат (во натамошниот текст: инспектори).

Член 2

Службената облека на инспекторите е зимска и летна.

Зимската службена облека се состои од капа, сако, панталони односно здолница, мантил со влошка, кошула, кравата, кожени нараквици и чевли.

Летната службена облека се состои од капа, летно сако, летни панталони односно здолница, кошула, кравата и чевли.

Како делови на зимската односно летната облека, во смисла на став 2, односно став 3 на овој член, се сметаат две рала панталони, односно две здолници, две кошули, две кравати и едно рало чевли.

### II. Боја и крој на зимската службена облека

Член 3

Панталоните односно здолницата, сакото, мантилот и капата се во тегет боја, и се изработени од волнена ткаенина, освен мантилот кој е изработен од диолен ткаенина.

Кошулата е во бела боја од памучна ткаенина.

Краватата е во тегет боја и изработена е од диолен.

Чевлите и нараквиците се во црна боја и се изработени од кожа.

Член 4

Зимската службена облека е од следниот крој:

1) капата е од типот беретка за жени односно шапка за мажи. Беретката е со класичен крој. Шапката е од обичен марински крој, со сонцобран од пластична маса кој по работ е опшиен со кожа и свиткан за 40°. Има соодветен подбрадник кој е прицврстен со две мали копчиња;

2) сакото е на еднoредно закопчување со три копчиња, со стандарден крој со џебови нашиени отстрана. Горниот џеб е од левата страна, со класичен крој и нашиен. Сакото е поставено и по плеќите има разрез во должина од 25 cm. Ракавите се со нормален крој со две копчиња. Копчињата за сакото и мантилот се обични, во тегет боја;

3) панталоните се со класичен крој со два џеба отстрана и еден одзади, без манжетни;

4) здолницата е со рамен крој со должина под колената;

5) мантилот е со класичен крој со ранглан ракави, на четири копчиња и со косо нашиени џебови, со должина над колената, со влошка од проширена пополна волнена ткаенина;

6) кошулата е од типот „montgomery" со два нашиени џеба во височина на градите со преклоп, кој се закопчува со мало копче.

### III. Боја и крој на летната службена облека

Член 5

Капата, сакото и панталоните односно здолницата, се изработени од полесна тергал ткаенина и во иста боја се како и зимската облека. Краватата и чевлите од член 3 на овој правилник се употребуваат при носењето на летната службена облека.

Член 6

Деловите на летната службена облека, освен кошулата, се од ист крој како и соодветните делови на зимската службена облека.

Кошулата е од типот „montgomery", во бела боја и се носи со сако или без него. Ракавите се кратки со манжетни.

### IV. Ознаки врз службената облека

Член 7

Инспекторите носат ознаки врз службената облека, врз капата и горниот џеб од сакото или кошулата од левата страна.

Ознаката содржи симбол на државноста, симбол на воздухопловството и назив на органот. Ознаката е широка 7 cm, а висока 2,8 cm.

Ознаките се исти и врз летната и врз зимската службена облека. Ознаката врз капата е постојана, додека другите ознаки се изработени така што да се преносливи врз одделни делови на службената облека.

**V. Носење и користење на службената облека**

Член 8

Службената облека се носи само за време на работата.

Член 9

Инспекторот е должен да ја одржува службената облека чисто и уредно на свој трошок.

Службената облека не смее да се отуѓи ниту врз неа смеат да се вршат измени во кројот, бојата и ознаките.

Член 10

Инспекторот што не се придржува кон одредбите од чл. 8 и 9 од овој правилник, одговара дисциплински и материјално.

Член 11

Инспекторите не се должни да носат службена облека (член 8) кога вршат службена интервенција која бара носење на опрема и облека наменети за заштитата при работата.

Инспекторите за време на службен престој во странство не се должни да носат службена облека, освен ако главниот сојузен воздухопловен инспектор не определи поинаку.

Член 12

Службената облека и чевли се набавуваат секои две (2), а мантилот секои три (3) години.

Член 13

Ако на инспектор му престане работниот однос во Сојузниот воздухопловен инспекторат, ја враќа службената облека на која рокот на траење не ѝ истекол, или може да ја задржи со плаќање на соодветен надомест.

Износот на надоместот се пресметува спрема цената по која е набавена облеката и спрема времето на употребата. Секој започнат месец се смета како цел месец.

Во случај на престанување на работата на инспектор во Сојузниот воздухопловен инспекторат поради стекнување право на старосна или на инвалидска пензија или поради смрт, службената облека не се враќа, ниту се плаќа за неа надомест.

Од службената облека, што по кој и да било основ преминува во приватна сопственост се симнуваат сите ознаки.

Член 14

За издавањето и враќањето на службената облека се води евиденција.

**VI. Завршна одредба**

Член 15

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1217/2
4 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

**878.**

Врз основа на член 330 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), во спогодба со сојузниот секретар за финансии, Сојузниот комитет за сообраќај и врски издава

# НАРЕДБА

## ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ИЗВРШЕН ПРЕГЛЕД НА ВОЗДУХОПЛОВ

1. За извршен преглед на југословенски воздухоплов се плаќа надомест, зависно од категоријата на воздухопловот и видот на прегледот во следните износи:

| Категорија на воздухопловот | Вид на прегледот | | |
|---|---|---|---|
| | основен | редовен | вонреден |
| | Динари | | |
| А. Воздухоплови од сообраќајна категорија | | | |
| 1. Млазни и турбоелисни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови со широк труп | 40.000 | 20.000 | 10.000 |
| 2. Млазни и турбоелисни двомоторни и повеќемторни воздухоплови | 30.000 | 15.000 | 7.500 |
| 3. Клипни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 15.000 | 7.500 | 3.800 |
| 4. Млазни и турбоелисни едномоторни воздухоплови | 10.000 | 5.000 | 2.500 |
| 5. Клипни едномоторни воздухоплови | 5.000 | 2.500 | 1.250 |
| Б. Воздухоплови од општа категорија | | | |
| 1. Воздухоплови за работа во земјоделството и шумарството: | | | |
| 1) клипни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 10.000 | 5.000 | 2.500 |
| 2) млазни и турбоелисни едномоторни воздухоплови | 6.000 | 3.000 | 1.500 |
| 3) клипни едномоторни воздухоплови | 3.000 | 1.500 | 1.250 |
| 2. Воздухоплови за превоз на лица, предмети и пошта, воздухоплови за туризам, воздухоплови за авио-такси: | | | |

| | Динари | | |
|---|---|---|---|
| 1) млазни и турбоелисни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 15.000 | 7.500 | 3.800 |
| 2) клипни двомотрни и повеќемоторни воздухоплови | 7.500 | 3.800 | 1.900 |
| 3) млазни и турбоелисни едномоторни воздухоплови | 5.000 | 2.500 | 1.250 |
| 4) клипни едномоторни воздухоплови | 2.500 | 1.250 | 600 |
| 3. Воздухоплови за спортска дејност и обука на воздухопловниот персонал: | | | |
| 1) млазни и турбоелисни двомоторни и повеќемоторни воздухоплови | 10.000 | 5.000 | 2.500 |
| 2) клипни двомотрни и повеќемоторни воздухоплови | 5.000 | 2.500 | 1.250 |
| 3) млазни и турбоелисни едномоторни воздухоплови | 3.000 | 1.500 | 750 |
| 4) клипни едномоторни воздухоплови | 1.500 | 750 | 400 |
| 5) едрилици | 1.300 | 650 | 300 |
| 6) змејови | 150 | 100 | 50 |
| Б. Воздухоплови полесни од воздух | | | |
| 1. Слободни балони | 1.200 | 600 | 300 |
| 2. Врзани балони | 800 | 400 | 200 |

2. Ако прегледот на воздухоплов се врши на барање од носителот на правото на располагање, односно сопственикот на воздухопловот или водачот на воздухопловот, надвор од седиштето на вршителот на прегледот на воздухопловот, патните трошоци настанати во врска со вршењето на преглед на воздухопловот се засметуваат во согласност со прописите.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за надоместок за извршен преглед на воздухоплов („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/69 и 60/70).

4. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

VI/1 бр. 341
24 јули 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

## 879.

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА ЛЕКОТ „PANAMA", МЕВЛЕМ ЗА МОЗОЛКИ ПРОИЗВОД НА ЉЕКАРНА „ТРЕШЊЕВКА" — ЗАГРЕБ

1. Се повлекува од промет лекот „Panama", мевлем за мозолки производ на Љекарна „Трешњевка" — Загреб, кој е пуштен во промет противно на одредбите од Законот за пуштање на лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количества на лекот од таа точка да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3016
9 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
труд, здравство и
социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

## 880.

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА ЛЕКОТ ACETISAL ТАБЛЕТИ А 20 ПАРЧИЊА, БРОЈ НА СЕРИЈАТА 200278, ПРОИЗВОД НА ФАБРИКАТА ЗА ФАРМАЦЕВТСКИ И ХЕМИСКИ ПРОИЗВОДИ „ФАРМАКОС" — ПРИЗРЕН

1. Се повлекува од промет лекот Acetisal таблети à 20 парчиња, број на серијата 200278, производ на Фабриката за фармацевтски и хемиски производи „Фармакос" — Призрен, кој е пуштен во промет противно на одредбите од Законот за пуштање на лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количества на лекот од таа точка да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3015
9 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
труд, здравство и
социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

**881.**

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА ЛЕКОТ PANTHENOL ОРИБЛЕТИ À 20 ПАРЧИЊА СЕРИЈА БР. 772498 ОД ЈУНИ 1977 ГОДИНА, 109987 ОД МАРТ 1978 ГОДИНА, 110078 ОД МАРТ 1978 ГОДИНА, 179378 ОД АПРИЛ 1978 ГОДИНА, 222778 ОД МАЈ 1978 ГОДИНА И 222878 ОД МАЈ 1978 ГОДИНА ПРОИЗВОД НА ООЗТ ФАБРИКА ЗА ЛЕКОВИ „ГАЛЕНИКА" — ЗЕМУН**

1. Се повлекува од промет лекот Panthenol ориблети à 20 парчиња, серија бр. 772498 од јуни 1977 година, 109987 од март 1978 година, 110078 од март 1978 година, 179378 од април 1978 година, 222778 од мај 1978 година и 222878 од мај 1978 година производ на ООЗТ Фабрика за лекови „Галеника" — Земун, кој е пуштен во промет противно на одредбите од Законот за пуштање на лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количества на лекот од таа точка да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3017
9 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд,
здравство и социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

**882.**

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76) Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА ЛЕКОТ PANTHENOL ТАБЛЕТИ À 20 ПАРЧИЊА, СЕРИЈА БР. 11687 И 12122, ПРОИЗВОД НА ФАРМАЦЕВТСКО-ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА ИНЕКС-ХЕМОФАРМ — ВРШАЦ**

1. Се повлекува од промет лекот Panthenol таблети à 20 парчиња серија бр. 11687 и 12122, производ на Фармацевтско-хемиската индустрија Инекс-Хемофарм — Вршац, кој е пуштен во промет противно на одредбите од Законот за пуштање на лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количества на лекот од таа точка да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3018
9 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд,
здравство и социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

**883.**

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА ЛЕКОТ MANITOL 20% À 500 ML PRO INFUSIONE БРОЈ НА СЕРИЈАТА 1 ОД 17 ЈАНУАРИ 1978 ГОДИНА ПРОИЗВОД НА ЗАВОДОТ ЗА ТРАНСФУЗИЈА НА КРВ НА СРС — БЕЛГРАД**

1. Се повлекува од промет лекот Manitol 20% à 500 ml pro infusione број на серијата 1 од 17 јануари 1978 година, производ на Заводот за трансфузија на крв на СРС — Белград, кој е пуштен во промет противно на одредбите од Законот за пуштање на лекови во прометот.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни сите затечени количества на лекот од таа точка да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3. Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3019
9 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
труд, здравство и
социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

**884.**

Врз основа на член 53 став 3 од Законот за пуштање на лекови во промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 58/76), Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита донесува

## РЕШЕНИЕ

**ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ПРОМЕТ НА ЛЕКОТ ISOLANID КАПКИ, БРОЈ НА СЕРИЈАТА 6294, ПРОИЗВОД НА ФАРМАЦЕВТСКО-ХЕМИСКАТА ИНДУСТРИЈА — ИНЕКС-ХЕМОФАРМ — ВРШАЦ**

1. Се повлекува од промет лекот Isolanid капки, број на серијата 6294, производ на Фармацевтско-хемиската индустрија Инекс-Хемофарм — Вршац, кој е пуштен во промет противно на одредбите од Законот за пуштање на лекови во промет.

2. Организациите на здружен труд кај кои се наоѓа лекот од точка 1 на ова решение се должни

сите затечени количества на лекот од таа точка да му ги вратат на производителот во рок од осум дена од денот на објавувањето на ова решение во „Службен лист на СФРЈ".

3 Ова решение се објавува во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3020
9 октомври 1978 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

**885.**

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА НА ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ ГОРНИ СТРОЈ

Член 1

Престануваат да важат југословенските стандарди:

Знаци за почеток и завршеток на потискувањето — — — — — JUS P.B8.021
Знак на пружна предупредувачка JUS P.B8.033

донесени со Решението за југословенските стандарди за техничка опрема на железничкиот горни строј („Службен лист на ФНРЈ", бр. 44/57).

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 14-11940/1
29 септември 1978 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

**886.**

Врз основа на член 65 од Законот за Народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76) и член 3 став 2 од Уредбата за контниот план и за билансите за банките („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/77 и 26/78), по претходно прибавено мислење од Здружението на банките на Југославија, Советот на гувернерите донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА АНАЛИТИЧКИТЕ СМЕТКИ ВО КОНТНИОТ ПЛАН ЗА БАНКИТЕ

1. Во Одлуката за аналитичките сметки во Контниот план за банките („Службен лист на СФРЈ", бр. 36/77), во Планот на аналитичките сметки во Контниот план за банките, кој е составен дел на таа одлука, се вршат следните измени и дополненија:

1) точка 17 се брише;

2) во точка 18 по аналитичката сметка 1546 се додава нова аналитичка сметка 1547, која гласи:

„1547 — Побарувања по основ на девизните резерви";

3) по точка 21, се додава нова точка 21а, која гласи:

„21а) сметка 230 — Дадени чекови
2309 — Дадени други чекови";
кредити
2309 — Дадени други чекови;

4) Точка 23 се брише;

5) во точка 24 аналитичка сметка 2543 се менува и гласи:

„2543 — Обврски за нераспореден прилив по основот на платниот промет со странство кој се исплатува во динари".

Аналитичка сметка 2545 се брише.

По досегашната аналитичка сметка 2545 се додава нова аналитичка сметка 2547, која гласи:

„2547 — Обврски по основ на девизните резерви";

6) во точка 25 по аналитичката сметка 2573 се додава нова аналитичка сметка 2574, која гласи:

„2574 — Обврски за нераспоредениот прилив во пресметковни валути";

7) во точка 51 аналитичките сметки 4021, 4022, 4023, 4024, 4026, 4028 и 4029 се менуваат и гласат:

„4021 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за залихите на маслодајни култури и сурово масло во кои учествува примарната емисија

4022 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за залихите на шеќерна репа и шеќер во кои учествува примарната емисија

4023 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за залихите на вино од домашно производство во кои учествува примарната емисија

4024 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за залихите на пченка во кои учествува примарната емисија

4026 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за залихите на месо во ладилници во кои учествува примарната емисија

4023 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за залихите на млечни производи во кои учествува примарната емисија

4029 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за кредитирање на пазарните стоковни резерви на републиките, автономните покраини и сојузните пазарни стоковни резерви во кои учествува примарната емисија".

По аналитичката сметка 4026 се додава нова аналитичка сметка 4027, која гласи:

„4027 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за залихите на трпезно грозје и јаболка во кои учествува примарната емисија";

8) во точка 52 аналитичките сметки 4037, 4038 и 4039 се менуваат и гласат:

„4037 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за гоење свињи, овци и риби

4038 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за гоење живина

4039 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанска дејност за производство на млеко";

9) во точка 55 по аналитичката сметка 4061 се додаваат четири нови аналитички сметки кои гласат:

„4066 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за залихите на основните земјоделски производи, со рок за враќање до три месеци, во кои не учествува примарната емисија;

4067 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за залихите на основните земјоделски производи со рок за враќање над три месеци, во кои не учествува примарната емисија;

4068 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за производство на основните земјоделски производи со рок за враќање до три месеци, во кои не учествува примарната емисија;

4069 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за производство на основните земјоделски производи со рок за враќање над три месеци, во кои не учествува примарната емисија";

10) во точка 57 по аналитичка сметка 4106 се додаваат три нови аналитички сметки, кои гласат:

„4107 — Краткорочни кредити дадени на ОЗТ од стопанската дејност за други потреби од обртни средства со рок за враќање до три месеци

4108 — Краткорочни кредити дадени на ОЗТ од стопанската дејност за други потреби од обртни средства со рок за враќање над три месеци

4109 — Краткорочни кредити на ОЗТ од стопанската дејност за покритие на потрошувачките кредити";

11) по точка 57 се додава нова точка 57а, која гласи:

„57а) сметка 411 — Краткорочни кредити дадени на СИЗ од стопанската дејност

4110 — Краткорочни кредити дадени на СИЗ од стопанската дејност со рок за враќање до три месеци

4111 — Краткорочни кредити дадени на СИЗ од стопанската дејност, со рок за враќање над три месеци";

12) по точка 58 се дадава нова точка 58а, која гласи:

„58а) сметка 413 — Краткорочни кредити дадени на СИЗ од општествените дејности

4130 — Краткорочни кредити дадени на СИЗ од општествените дејности, со рок за враќање до три месеци

4131 — Краткорочни кредити дадени на СИЗ од општествените дејности, со рок за враќање над три месеци";

13) точка 62 се брише;

14) во точка 66 аналитичката сметка 4637 се менува и гласи:

„4637 — Краткорочни кредити на банките од примарната емисија за кредитирање гоење на свињи, овци и риби".

По аналитичката сметка 4637 се додаваат две нови аналитички сметки, кои гласат:

„4638 — Краткорочни кредити на банките од примарната емисија за кредитирање гоење на живина

4639 — Краткорочни кредити на банките од примарната емисија за кредитирање производство на млеко";

15) во точка 67 аналитичките сметки 4641, 4642, 4643, 4644 и 4646 се менуваат и гласат:

„4641 — Краткорочни кредити на банки од примарната емисија за кредитирање залихи на маслодајни култури и сурово масло

4642 — Краткорочни кредити на банки од примарната емисија за кредитирање залихи на шеќерна репа и шеќер

4643 — Краткорочни кредити на банки од примарната емисија за кредитирање залихи на вино од домашно производство

4644 — Краткорочни кредити на банки од примарната емисија за кредитирање залихи на пченка

4646 — Краткорочни кредити на банки од примарната емисија за кредитирање залихи на месо во ладилници".

По аналитичката сметка 4646 се додаваат три нови аналитички сметки, кои гласат:

„4647 — Краткорочни кредити на банки од примарната емисија за кредитирање залихи на трпезно грозје и јаболка

4648 — Краткорочни кредити на банки од примарната емисија за кредитирање залихи на млечни производи

4649 — Краткорочни кредити на банки од примарната емисија за кредитирање на залихи на пазарните стоковни резерви на републиките, автономните покраини и сојузните пазарни стоковни резерви";

16) во точка 80, по аналитичката сметка 5031 се додава нова аналитичка сметка 5038, која гласи:

„5038 — Долгорочни кредити дадени на ОЗТ од стопанската дејност за продажба на домашна опрема и бродови на кредит во Југославија во кои не учествува примарната емисија".

Во аналитичката сметка 5039 зборовите: „продажба и" се бришат;

17) во точка 109 по аналитичката сметка 7004, се додава нова аналитичка сметка 7005, која гласи:

„7005 — Девизни тековни сметки на домашни банки и други финансиски организации во пресметковни валути";

18) по аналитичката сметка 7808 се додава називот на точка 124 со називот на синтетичката сметка 781, кои гласат:

„124) сметка 781 — Обврски по работите во девизи од името и за сметка на СИЗ од стопанската дејност;

19) во точка 155 по аналитичката сметка 8453 се додава нова аналитичка сметка 8454, која гласи:

„8454 — Обврски по краткорочни кредити спрема народните банки";

20) во точка 158 аналитичката сметка 8637 се менува и гласи:

„8637 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање тоење на свињи, овци и риби".

По аналитичката сметка 8637 се додаваат две нови аналитички сметки, кои гласат:

„8638 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање гоење на живина

8639 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање производство на млеко";

21) во точка 159 аналитичките сметки 8641, 8642, 8643, 8644 и 8646 се менуваат и гласат:

„8641 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање залихи на маслодајни култури и сурово масло

8642 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање залихи на шеќерна репа и шеќер

8643 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање залихи на вино од домашно производство

8644 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање залихи на пченка

8646 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање залихи на месо во ладилници".

По аналитичката сметка 8646 се додаваат три нови аналитички сметки, кои гласат:

„8647 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање залихи на трпезно грозје и јаболка

8648 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање залихи на млечни производи

8649 — Обврски по краткорочни кредити од примарната емисија за кредитирање пазарни стоковни резерви на републиките, автономните покраини и сојузни пазарни стоковни резерви";

22) во точка 168 аналитичката сметка 8770 се менува и гласи:

„8770 — Орочени штедни влогови на населението".

По аналитичката сметка 8771 се додава нова аналитичка сметка 8779, која гласи:

„8779 — Други орочени депозити на населението";

23) по точка 182 се додава нова точка 182а, која гласи:

„182а) — Сметка 927 — Долгорочни депозити на населението

9270 — Долгорочни штедни влогови на населението

9279 — Други долгорочни депозити на населението";

24) во точка 184 по аналитичката сметка 9453 се додава нова аналитичка сметка 9454, која гласи:

„9454 — Обврски по долгорочните кредити спрема народните банки";

25) во точка 188 во аналитичката сметка 9533 кратенката: „ОЗТ" се заменува со кратенката „СИЗ";

26) во точка 199 во аналитичката сметка 9835 зборот: „стопанските" се заменува со зборот: „општествените".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 55
19 септември 1978 година
Белград

Претседател
на Советот на гувернерите
гувернер
на Народната банка на
Југославија,
д-р **Ксенте Богоев**, с. р.

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 238 став 2 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК-ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

Се разрешува од должноста заменик-генерален директор на Сојузниот завод за општествено планирање Менсур Смајловиќ, поради заминување на друга должност.

Е. п. бр. 707
26 септември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ЧЛЕН НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се разрешува од должноста советник на член на Сојузниот извршен совет Александар Вуин, поради заминување на друга должност.

Е. п. бр. 708
26 септември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

Врз основа на член 244 став 1 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ЧЛЕН НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ

Се разрешува од должноста советник на член на Сојузниот извршен совет Миробуб Луковиќ, поради заминување на друга должност.

Е. п. бр. 709
26 септември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

---

Врз основа на член 373 став 3 од Законот за основите на системот на државната управа и за Сојузниот извршен совет и сојузните органи на управата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 23/78), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСЕДАТЕЛ И ДВА ЧЛЕНА НА ВТОРОСТЕПЕНАТА ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ

За претседател и членови на Второстепената дисциплинска комисија и нивни заменици, се именуваат и тоа:

1) за претседател:

Радомир Смиљаниќ, помошник-претседател на Сојузниот комитет за прашања на борците и на воените инвалиди;

За заменик-претседател:

Милорад Белодедиќ, советник на сојузниот секретар за правосудство и организација на сојузната управа;

2) за член:

Душан Љубоевиќ, началник на Одделението за организационо-кадровски и општи работи во Сојузниот секретаријат за финансии;

за заменик-член:

Ратка Богданска, стручен соработник во Управата за персонални работи на Сојузниот извршен совет;

3) за член:

Миладин Томовиќ, самостоен советник во Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита;

за заменик-член:

Велимир Тадиќ, самостоен советник во Генералниот секретаријат на Сојузниот извршен совет.

Е. п. бр. 710
28 септември 1978 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
д-р **Иво Марган**, с. р.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од сојузните органи и организации

— по повод на триесетгодишнината на излегувањето, а за особен придонес кон изградбата на кадрите на органите и службите на безбедноста, како и за заслуги во јакнењето на системот на општествената самозаштита

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

„13. мај“, часопис Савезног СУП-а

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Јауковић Димитрије др Светомир;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Попоњец Васе Лазар;

Од СР Босна и Херцеговина

— по повод на седумдесетгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Рудник мрког угља „Бреза“ — Бреза;

— по повод на шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за извонредни заслуги во организирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за особен придонес од значење за општиот развиток и јакнење на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Колак Ивана Рудолф;

— по повод на шеесет и петгодишнината на животот, а за долгогодишна револуционерна работа и извонредни заслуги во изградбата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за развивање и јакнење на свеста на нашите граѓани во борбата за независност и слобода на нашата земја, како и за значаен придонес на нејзината политика на мирот и пријателската соработка со други држави

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА СО ЛЕНТА

Даниловиќ Јове Угљеша;

— по повод на шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за особени заслуги во јакнењето на свеста на нашите граѓани во борбата за слобода и независност на земјата, како и за придонес на политиката на мирољубивата соработка и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и другите земји

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Капор Спасоја Момир, Мажар Николе Драго, Папиќ Аугустин, Шеховиќ Мустафе Ахмет, Умиќевиќ Ѓорѓа Загорка;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Стокиќ Алексе Марко, Тадиќ Стевана Ѓорѓе, Зец Милана Милош;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Качар Јове Душан, Маглајлија Хусеина Сеид, Самарџија Миле Петар, Средиќ Пере Петар, Шобиќ Јове Симо, Талиќ Ристе Мане;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Бањац Јове Милан, Чудиќ Јове Младен, Гвозденовиќ Ѓуре Душан, Кнежевиќ Глиге Драган, Недимовиќ Миле Раде, Радујко Васе Љубан, Томиќ Мирка Бошко, Убовиќ Николе Драгомир, Врањеш Петра Душан, Вучен Раде Душан;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бањац Милана Момчило, Бошњак Остоје Марко, Јефтиќ Ѓуре Душан, Крупљанин Ѓуре Милош, Костиќ Никодина Ѓорѓе, Кукиќ Јована Миливоје, Кукиќ Тодора Вид, Предојевиќ Тривуна Лазар, Рисојевиќ Марка Немања, Салчиќ-Бичкало Едхема Фадила, Ступар Миле Раде, Шкрбиќ Мирка Славко, Тица Шпире Лазар, Вујановиќ Петра Миле, Вуковиќ Петра Радоја;

Од СР Хрватска

— по повод на триесетгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

ООУР „Јадранска линиска пловидба" — Ријека, предузеќе „Лука" — Ријека,

„Трансјуг", меѓународна шпедиција — Ријека;

— по повод на сто дваесет и петгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси во образованието на средни поморски кадри и за придонес на ширењето на просветата и културата

Средња поморска школа — Дубровник;

— по повод на осумдесет и петгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

„Францк", прехрамбена индустрија — Загреб;

— за заслуги и успеси во стручното образование на кадри за потребите на стопанството и за придонес кон ширењето на просветата и културата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Школски центар за металску и електро струку „Вељко Влаховиќ" — Дарувар;

— по повод на шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за извонредни заслуги во организирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за особен придонес од значење за општиот развиток и јакнење на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Комар Алојза Славко;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Бољковац Јуре Никола, Брдар Марка Станко, Дивјакиња Стевана Стојан, Гојак Милована Милош, Кукуљ Симе Љубомир, Лончар Душана Симо, Љеповиќ Милоша Миле, Мандиќ Луке Миле, Микулиќ Томе Фрањо, Ркман Јанка Божо;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бодлевиќ Павла Иво, Кукиќ Милиќа Милан, Куниќ Милиќа Милош, Манојловиќ Илије Станко, Милуновиќ Ивана Недо, Обрадовиќ Николе Петар, Пекиќ Николе Никола, Пеуц Ивана Леополд, Сељан Јанка Мато, Спудиќ Марка Стево;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Делиќ Ѓуре Милан, Фрковиќ Мате Мато, Гојак Ивана Барка, Јерковиќ Станоја Бранко, Мартиќ Милоша Љубомир, Матијевиќ Михајла Миле, Пиља Михајла Ѓуро, Саватовиќ Јована Миле, Зјача Василије Урош;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Алинчиќ Боже Ѓуро, Бороје Стјепана Франо, Божаниќ Марка Лука, Јариќ Јована Вељко, Јериниќ

Мате Иво, Косиќ Милиќа Мирко, Крњаиќ Јове Бранко, Љубичиќ Петра Иво, Малобабиќ Милоша Никола, Матаија Ивана Стјепан, Месарош Јосипа Иван, Пекиќ Гаје Милка, Пемпер Ивана Иван, Пјевач Ѓуре Петар, Повиќ Јована Никола, Радаковиќ Марка Мане, Рудман Мартина Станко, Станиќ Владимира Павле, Шаиповиќ Максима Ѓуро, Шепец Мије Јосип, Штулиќ Ѓуре Миќо Тепшиќ Јосипа Васо, Вински Мије Петар, Војновиќ Боже Милка, Зубер Михајла Никола;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Јагец Ивана Мирко, Раткај Драгутина Петар;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Хрватин Јосипа Јосип, Мецановиќ Марина Иван, Ваљало Ѓуре Ивица;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Матасиќ Рудолфа Фрањо;

Од СР Словенија

— по повод на триесетгодишнината на работата, а за особени заслуги и успеси во образованието на наставници за основните училишта и за придонес кон ширењето на просветата и културата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Педагошка академија — Љубљана;

— по повод на стогодишнината на постоењето, а за особени заслуги во заштитата и спасувањето на човечки животи, општествен и личен имот, со што е направен значаен придонес на социјалистичката заедница

Доброволно ватрогасно друштво — Шемпетер у Савинској долини;

По повод на триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Грађевинско индустријско предузеће „Обнова“ — Љубљана;

— по повод на триесетгодишнината на постоењето а за заслуги во заштитата и спасувањето на човечки животи, општествен и личен имот со што е направен значаен придонес на социјалистичката заедница

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Ватрогасно друштво — Мост на Сочи;

— по повод на осумдесетгодишнината на постоењето, а за заслуги во развивањето на музеолошката дејност во областа на школството и за придонес кон ширењето на просветата и културата

Словенечки школски музеј — Љубљана;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Левстик Ивана Јоже;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Јерман Јанеза Мирко, Учакар Јанеза Јанез;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Барешиќ-Мајшкерц Јакоба Марија, Чермељ Јосипа др Лаво, Јеж Франц Павел, Котник Франца Стане, Кожух Јоже Милан, Лах Мартина др Мартин, Линхарт Фани др Божидар, Логар Франца Владимир, Лубеј Антона Франц, Оберстар Јосипа Станислав, Семениќ Антона Антон, Срдиќ Давида Драган, Ушај Валентина Цирил;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Амброжич Јожета Алојз, Бродник Јанеза Фрањо, Булц Франца Стане, Чернелич Алојза Славко, Дебенак Андреја Андреј, Јаниќ Лудвика Ѓуро, Кухар Франца Матија, Терчич Антона Алојз, Тратник Јожета Јанез, Тртник Антона Алојз, Вичич Драге Сречко;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Тратник Јожефа Јанез;

Од СР Србија

— по повод на дваесет и петгодишнината на постоењето, а за особени заслуги во развивањето на активноста на членството врз толкувањето и реализирањето на концепцијата на општонародната одбрана, во подигањето и ширењето на воено-стручните знаења и борбената готовност, како и во јакнењето на морално-политичкото единство на земјата и патриотизмот на нашите граѓани

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Савез резервних војних старешина СР Србије;

— по повод на педесетгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси во лекувањето на невропсихијатриски болни и за значаен придонес кон оспособувањето на стручни кадри

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Институт за неуропсихијатрију Медицинског факултета Универзитета у Нишу — Горња Топоница;

— по повод на триесетгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и успеси во стручното образование на средни медицински кадри и за придонес кон ширењето на просветата и културата

Медицинска школа „Др Воја Дулић" — Пожаревац:

— за особени заслуги во организирањето и ширењето на здравствената култура на граѓаните и во развивањето на хуманитарни активности

Општинска организација Црвеног крста — Горњи Милановац;
Општинска организација Црвеног крста — Смедерево;
Општинска организација Црвеног крста — Земун:

— по повод на дваесет и петгодишнината на постоењето, а за особени заслуги во развивањето на масовната физичка култура и за успеси во популаризирањето и организирањето на рекреативни активности на населението

Општински савез за спортску рекреацију „Партизан" — Крушевац;

— по повод на дваесет и петгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во развивањето и унапредувањето на туризмот и туристичкото стопанство во СР Србија

Туристички савез Србије — Београд;

— по повод на дваесет и петгодишнината на постоењето, а за постигнати успеси во создавањето и омасовувањето на феријалните организации и за поттикнување на нивната активност на развивање на социјалистичкиот патриотизам и на братството и единството меѓу нашите народи и народности

## СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Феријални савез Србије — Београд;

— за особени заслуги и успеси во музеолошката дејност и за придонес кон ширењето на просветата и културата

Народни музеј „Зајечар" — Зајечар;

— по повод стогодишнината на постоењето, а за особени заслуги во основното образование и воспитување на младите за корисни членови на општеството и за придонес кон ширењето на просветата и културата во духот на братството и единството на нашите народи и народности

Основна школа „Аца Алексић" — Александровац;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Грађевинско индустријски комбинат „Стиг" — Пожаревац;

Предузеће ПТТ саобраћаја — Ниш;

Угоститељско-туристичко предузеће „Слога" — Титово Ужице;

— за особени заслуги и успеси во стручното образование на кадри за потребите на стопанството и за придонес кон ширењето на просветата и културата

Образовно-технички центар „29. новембар" — Зајечар;

— по повод на дваесет и петгодишнината од излегувањето, а за придонес кон развивањето и унапредувањето на стручните училишта и кадрите

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Лист „Наша стручна школа" — Београд;

— за заслуги во омасовувањето на организациите на гораните и за значајни успеси во пошумувањето на голини и во чувањето на зелените површини, како и за придонес кон воспитувањето на младите

Општинска организација покрета горана — Ариље:
Општинска организација покрета горана — Лесковац;
Општинска организација покрета горана — Пирот:

— по повод на трисетгодишнината на постоењето, а за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

„Просевта", графичко-издавачко предузеће — — Пожаревац;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земајата

## СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Печар-Загорац Веда;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичка изградба на земјата

## СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Дубајић Јове Мирко, Граовац Милана Богдан, Јекић Средоја Периша, Јовановић Маринка Драгутин, Стојаковић Душана Ђуро, Трипковић Милоја Гвозден, Влачић Марка Миливоје;

—за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

## СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бошковић Векослава Срећко, Јосиповић-Вуцеља Симе Зора, Милеусниć-Раковић Радосава Гроздана, Моравац Вида Михајло, Огњеновић Николе Душан, Перовић-Милачић Марка Драгиња, Радаковић-Ивановић Милана Драгица, Станчић-Тадић Јове Ђулка, Шашић Радета Никола, Тодорић-Наранчић Милана Милка, Топаловић Радомира Боривоје, Жунић Уроша Зора:

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

## СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Бајић Николе Никола, Балаћ-Покрајац Раде Анка, Гајић Радосава Ђорђе, Драгосавац Петра Стево, Ђукић Симе Ђуро, Ђурић Миленка Миленко, Ђуровић Милована Радивоје, Грбић Ђуре Раде, Игњатовић Михаила Зора, Илић Драгољуба Новица, Илијашевић-Батоз Михајила Лазарка, Јакшић Милорада Милоје, Јанковић Милинка Никола, Јеглић Трифка Алекса, Кецман Трива Василије, Кос Михајила Драгоја, Костић Николина Владимир, Кошутић Милије Миле, Кресоја Јована Петар, Крупеж Милована Секула, Курћубић Јована Бранко, Мандарић Васе Петар, Марјановић Сретена Миодрад, Марковић Јанка Матија, Марковић Илије Миодраг;

Петковић Анте Драгољуб, Радић Раде Симо, Сирета Васе Ђуро, Смиљанић Николе Мане, Стојановић Стола Драгољуб, Стојановић Андрије Илија, Штулић Јанка Владо, Тришковић Милоја Ратко, Тртица Ђуре Раде, Убовић Јевте Ђорђе, Влаисављевић Миле Богдан, Врачар Михаила Нећо, Вујовић-Костелац Спасоја Љубица, Живковић Радослава Адам;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Анђелић-Кнежевић Спасоја Марија, Белопавловић Милисава Миодраг, Бисенић Вељка Милољуб, Ђувиз Милисава Антоније, Илић Велисава Радојко, Јањић Ђорђа Димитрије, Јовановић-Арсикић Лазара Милојка, Ковачевић-Граховац Јове Доја, Лончаревић Николе Бошко, Миловановић Радојка Славољуб, Рабреновић Драгана Илија, Станић Милана Милутин, Тодоровић Божидара Новак, Васовић Луке Драгутин, Вукосављевић Љубомира Милош, Златић Млађена Првослав;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Јосиповић-Вуцеља Симо Зора;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Илијашевић-Батоз Михајила Лазарка, Моравац Вида Михајло;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Корица Милана Ђуро;

Од САП Косово

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Радоичић Павла Љубица;

Од САП Војводина

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Маодуш Петра Мишко, Радин Стевана инж. Никола

Бр. 23
13 март 1978 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 873. | Одлука за гарантираните (заштитни) цени на сончоглед и соја од родот на 1978 година — — — — — — — — — — | 2333 |
| 874. | Одлука за продажните цени за сончоглед и соја од родот на 1978 година — — — | 2334 |
| 875. | Правилник за бројот и составот на членовите на екипаж на воздухоплов — — — | 2334 |
| 876. | Правилник за службата за брза помош на аеродром — — — — — — — — | 2335 |
| 877. | Правилник за кројот, бојата, ознаките, видот на материјалот и користењето на службената облека на работниците на Сојузниот воздухопловен инспекторат — — | 2337 |
| 878. | Наредба а височината на надоместот за извршен преглед на воздухоплов — — | 2338 |
| 879. | Решение за повлекување од промет на лекот „Panama", мевлем за мозолки производ на Љекарна „Трешњевка" — Загреб | 2339 |
| 880. | Решение за повлекување од промет на лекот Acetisal таблети à 20 парчиња, број на серијата 2000278, производ на фабриката на фармацевтски и хемиски производи „Фармакос" — Призрен — — — — — | 2339 |
| 881. | Решение за повлекување од промет на лекот Panthenol ориблети à 20 парчиња, серија бр. 772498 од јуни 1977 година, 109987 од март 1978 година 110078 од март 1978 година, 179378 од април 1978 година, 222778 од мај 1978 година и 222878 од мај 1978 година производ на ООЗТ на Фабрика за лекови „Галеника" — Земун — — — — | 2340 |
| 882. | Решение за повлекување од промет на лекот Panthenol таблети à 20 парчиња, серија бр. 11678 и 12122 производ на фармацевтскохемиска индустрија Инекс-Хемофарм — Вршац — — — — — — | 2340 |
| 883. | Решение за повлекување од промет на лекот Manitol 20% а 500 ml pro proinfusione, број на серијата 1 до 17 јануари 1978 година производ на Заводот за трансфузија на крв на СРС — Белград — — — — — | 8340 |
| 884. | Решение за повлекување од промет на лекот Isolanid капки, број на серијата 6294, производ на Фармацевтско-хемиската индустрија — Инекс-Хемофарм — Вршац — | 2340 |
| 885. | Правилник за престанување на важењето на југословенските стандарди за техничка опрема на железничкиот горни строј | 2341 |
| 886. | Одлука за измени и дополненија на Одлуката за налитичките сметки во Контниот план за банките — — — — — — | 2341 |
| | Назначувања и разрешувања — — — — — | 2344 |
| | Одликувања — — — — — — — — — | 2344 |


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовић, Улица Јована Ристића бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишића бр. 17.**